МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Број 13-242409/
Дата 03-04-2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
МИРЧЕ АЦЕВ
Бр. 03-387/1
25.04. 2025 год.
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, СКОПЈЕ

Арх. Број: 47-1950/1

Датум: 25.04.2025 година

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
склучен во Скопје, на ден ____________ година

Помеѓу:

1. **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**, со седиште на ул.„Илинден" бр.2 Скопје и со ЕДБ 4080024623856, претставувано од Министерката Сања Божиновска;

2. **Македонски Телеком АД - Скопје**, со седиште на „Кеј 13 Ноември" Скопје и ЕДБ 4030997339640претставувано од Лидер за продажба на деловни корисници, Александар Санев и Лидер за контрола, сметководство и даноци, Горан Тиловски

3. **ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров**, со седиште на ул.Мечкин Камен бр.26 Ѓорче Петров, Скопје, со ЕДБ 4030994251881претставувано од Директор Гордана Насковска

заедно наречени „страни"

Предмет
Член 1

Предмет на овој меморандум е воспоставување на соработка помеѓу Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Македонски Телеком АД Скопје и ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров – Скопје и регулирање на меѓусебните односи со цел промоција и имплементирање на решенија за енергетска ефикасност на државните институции и јавните установи и јавно изразување на подготвеност за примена на мерки кои директно придонесуваат и се поврзани со годишните заштеди во потрошувачката на финална енергија и со целите за енергетска ефикасност.

Цел на соработка
Член 2

Соработката помеѓу страните утврдена во членот 1 на овој Меморандум, особено се однесува на:

1. свесноста за потребата од реализација на енергетските инвестиции во соодветни алтернативи и исплатливи мерки за енергетската ефикасност, со цел побарувачката на енергија и снабдувањето со енергија да се направат поефикасни и заштедите на енергијата за крајна употреба да се зголемат;
2. можноста преку енергетската ефикасност во јавните установи, да се даде јасен сигнал за намерата за остварување на долгорочната цел - намалување на емисијата на стакленичките гасови и загадувањето на воздухот;


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

3. преку донација на систем за паметно мерење и управување со електрична енергија – СЕММ со потребна опрема и сервиси за период од 12 (дванаесет) месеци и донацијата за реконструкција на осветлувањето во спортската сала за ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров Скопје да се поттикнат останатите општествени чинители, со алтернативни модели да овозможат и реализираат идни соработки за проекти за енергетска ефикасност на општинско и државно ниво;
4. конкретни активности, внатрешна координација и усогласување помеѓу страните за остварување на реализираната соработката предмет на овој меморандум и
5. презентација на придобивките од истата.

Улоги на страните
Член 3

Страните потписнички на овој меморандум согласни се да соработуваат на начин што:

1. **Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини** ќе:

- пренесе искуства и знаење во насока на развивање и примена на решенија за намалување на потрошувачката на електрична енергија и зголемување на енергетската ефикасност,
- се стреми кон создавање, развивање и имплементирање на идни политики и стратегии за подобрување на енергетската ефикасност;
- пренесува практични искуства и знаење за примена на најдобри пракси;
- врши евалуација на ефектите од воведените решенија, како и континуирана анализа на ефектите од имплементираните решенија, со цел проценка на заштедена енергија и намалени трошоци и
- дава препораки со понатамошни мерки во насока на зголемување на енергетската ефикасност и можноста за соработка во други институции;

2. **Македонски Телеком АД Скопје** ќе:

- ја даде донацијата во вкупен износ од 384.300,16 денари како доброволна и безусловна помош, без директна корист ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, за цели од јавен интерес и поддршка во зголемувањето на енергетската ефикасност;
- ќе ги вгради решенија – Систем за паметно мерење и управување со електрична енергија – СЕММ со потребна опрема и сервиси за период од 12 (дванаесет) месеци на ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров, со следната спецификација:

| I. Смарт опрема и Софтвер | | | |
|---|---|---|---|
| Опис на опрема и работи [по SEMM уред] | количина | Единечна цена (без ДДВ) | Вкупно (без ДДВ) |
| Софтвер за следење, управување и контрола - Smart Energy Metering & Management | 2 | 2.472,00 ден. | 4.944,00 ден. |
| Smart Energy Metering & management IoT Node / CONTROLLER | 2 | 6.798,00 ден. | 13.596,00 ден. |
| **Вкупно I (без ДДВ)** | | | **18.540,00 ден.** |

| II. Енергетска опрема | | | |
|---|---|---|---|
| Опис на опрема и работи [по SEMM уред] | количина | Единечна цена (без ДДВ) | Вкупно (без ДДВ) |
| Броило за енергија › Schneider electric Power Meter PM3250 | 2 | 14.423,00 ден. | 28.846,00 ден. |
| › Schneider electric струен трансформатор 3x100/5 METSECT5CC010 | 3 | 1.188,00 ден. | 3.564,00 ден. |
| › › Schneider electric струен трансформатор 3x250/5 METSECT5GA025 | 3 | 5.272,00 ден. | 15.816,00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| › Schneider electric приклучница шуко 16A UE 250V 2P T | 2 | 794,00 ден. | 1.588,00 ден. |
| › Schneider electric Автоматски осигурач Acti9 iC60N 1P C 10A MCB | 2 | 339,00 ден. | 678,00 ден. |
| Инсталација | 1 | 24.000,00 ден. | 24.000,00 ден. |
| **Вкупно II (без ДДВ)** | | | **74.492,00 ден.** |

| III. Инфраструктура, Поврзаност и Сервиси | | | |
|---|---|---|---|
| Опис на услуги [по SEMM уред по месец] | количина | Единечна цена за одржување 12 месеци (без ДДВ) | Вкупен годишен надомест (без ДДВ) |
| VPS/Cloud за следење, управување и контрола | 2 | 480,00 ден. | 960,00 ден. |
| NB-IoT / LTE конективност | 2 | 720,00 ден. | 1.440,00 ден. |
| Одржување на хардвер и софтвер | 2 | 712,00 ден. | 1.424,00 ден. |
| **Вкупно III (без ДДВ)** | | | **3.824,00 ден.** |

| IV. Schreder ЛЕД рефлектори | | | |
|---|---|---|---|
| Опис на опрема | количина | Единечна цена (без ДДВ) | Вкупно (без ДДВ) |
| Schreder ЛЕД рефлектор | 6 | 47.907,36 ден. | 287.444,16 ден. |
| **Вкупно IV (без ДДВ)** | | | **287.444,16 ден.** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно I+II+III+IV (без ДДВ)** | **384.300,16 ден.** |

- изврши реконструкција на осветлувањето на спортската сала во ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров
- ги подмири трошоци кои ќе произлезат од вградување на системот и опремата и нивен сервис за период од 12 (дванаесет) месеци, како и реконструкција на осветлувањето на спортската сала да бидат на товар на Македонски Телеком АД Скопје.
- ќе прекине да ги испорачува сервисите кои се во функција на опремата (Сервиси за конективност и платформа) по истекот на периодот од 12 (дванаесет) месеци
- ќе има увид во постигнатите резултати од имплементираното решение и истите ќе има право да ги користи во промотивни и маркетиншки цели

3. **ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров Скопје** ќе:

   - ја прими донираната опрема,
   - се грижи, ќе ја чува опремата и ќе ја користи како добар домаќин исклучиво согласно намената,
   - споделува податоци и искуства од примената на опремата и

Член 4

Страните се согласуваат дека склучувањето на овој Меморандум не е поврзано со кој било друг деловен однос помеѓу договорните страни и не е поврзано со или не се смета за предуслов за склучување, измена или престанок на било кој друг Договор помеѓу договорните страни или други договорни партнери

Страните изјавуваат дека се запознаени со обврската на Македонски Телеком АД – Скопје да ги почитува своите правила за етичко деловно однесување и за спречување на корумпираното однесување, како и законите за спречување корумпирано однесување коишто се применливи за овој Меморандум.

ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров - Скопје се обврзува опремата примена од Македонски Телеком АД – Скопје во согласност со овој Меморандум, да не ја користи за незаконски цели, особено да не дава или

ѓетува, директно или индиректно, каква било незаконска предност на било која јавна институција/установа или вработен во таа институција/установа.

Член 5

Доколку ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров не ја користи донацијата согласно одредбите од овој Договор и/или му се изрече прекршок согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности поради некористење на донацијата во согласност со овој Договор, истиот е должен веднаш да му ја врати на Македонски Телеком АД - Скопје сумата определена во овој Договор примена како донација, зголемена за законска казнена камата пресметана од денот на исплата на сумата од до денот на враќањето на истата, а која се пресметува согласно важечките законски прописи, со што ќе се смета дека Договорот е еднострано раскинат. Оваа обврска за ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров не го исклучува и правото на Македонски Телеком АД Скопје во случај на претрпена штета да бара надомест на истата.

Член 6

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели.
Измената на одредбите на овој Меморандум во смисла на став 1 на овој член се врши единствено со писмена согласност на сите страни.
Сите несогласувања кои ќе произлезат од овој меморандум ќе бидат решени преку меѓусебни консултации и преговори, преку усогласување на ставови.
Овој меморандум не создава правни и финансиски обврски надвор од договорените активности.

Важност и примена
Член 7

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето од страните и ќе се применува 1 (една) година од денот на потпишувањето.

Член 8

Овој Меморандум е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја од страните потписнички на договорот.

Страни потписнички:

| Министерство за Енергетика, рударство и минерални суровини | Македонски Телеком АД - Скопје | ООУ „Мирче Ацев"–Ѓорче Петров |
|---|---|---|
| Министер | Лидер за продажба на деловни корисници | Директор |
| Сања Божиновска | Александар Санев | Гордана Насковска |
| | Лидер за контрола, сметководство и даноци | |
| | Горан Тиловски | |

Одобрено од Правна
2